# Предлог за водење дневник за читање

Книга се чита седејќи.
Потребна ти е тетратка и пенкало за водење на дневник за читање
Забележи го името на писателот и насловот на делото.
Внеси ги најважните информации за животот и работата на писателот, во кратки црти.
Потоа ќе напишеш поднаслов:
**БЕЛЕШКИ ЗА ВРЕМЕ НА ЧИТАЊЕТО**

Почнуваш со читање на книгата.
Како што читаш, ги запишуваш (во форма на реченици или белешки) твоите забелешки во дневникот.
Што ти се допаѓа, што не, зошто нешто ти е интересно, што мислиш за постапките на ликот, што чувствуваш ...
... Значи, ти го пишуваш твојот коментар за тоа што го читаш. Ова го пишуваш додека ја читаш, не откако ќе ја прочиташ целата книга. Од овие реченици мора да се види дека си го следел читањето.

Кога ќе ја прочиташ целата книга на тој начин, ќе го толкуваш делото во целина.
Во дневникот за читање ќе напишеш:
**Доживување на делото** (како ти се допаднало целото дело и зошто);
**Најубавиот пасус** (ќе го пренесеш од делото пасусот, неколку реченици што ти се допаѓаат најмногу, ќе објасниш зошто си го избрале, што е убаво во него);
**Тема на делото** (она за што се зборува во делото);
**Идејата на делото** (основна мисла, поука, порака на писателот);
**Фабуларен тек** и делови на композицијата.

**Кратка содржина** (накратко прераскажување на настаните според редоследот на кој се раскажани во литературното дело);
**Место на случување** (обезбеди докази);
**Време на случување** (обезбеди докази);
**Анализа на ликови**
а) главни ликови
б) споредни ликови
в) главните карактеристики на главните ликови ( потврди ја секоја избрана карактеристика со цитирање на реченица/и во кои сте ја забележале оваа одлика;
**Датум и место на читање.**
Ако сакате може да нацртате во вашата тетратка сцена што ви се допаднала најмногу!